Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVËRIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 57-8192/6
18.11.2026 год.-viti
Скопје-Shkup

Влада на Република Северна Македонија

Врз основа на член 27-б став 6 од Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 71/16 и „Службен Весник на Република Северна Македонија'' бр. 31/20, 16/25 и 134/26), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 17 ноември 2026 година, донесе

РЕШЕНИЕ
за утврдување на категорија на угостителски објект

1. Со ова решение се утврдува дека угостителскиот објект хотел БУРАК со седиште на ул. Решад Џафер бр. 15 Скопје-Чаир**,** ги исполнува условите за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди, со период на важност од три години сметано од денот на влегувањето во сила на ова решение.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

3. Ова решение заедно со Извештајот за извршена категоризација на угостителскиот објект се објавуваат на веб – страницата на Владата на Република Северна Македонија

Образложение

ДУТУ ХОТЕЛ БУРАК ДООЕЛ Скопје со седиште на ул. Решад Џафер бр. 15 Скопје-Чаир, поднесе Барање бр. УП1 13-413 од 15.6.2026 година, за утврдување на потребните услови на угостителскиот објект хотел БУРАК со седиште на ул. Решад Џафер бр. 15 Скопје-Чаир, за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди.

Комисијата за категоризација на угостителските објекти, постапувајќи по Барањето изврши увид на предметниот објект при што со Извештај бр. УП1-13-413 од 10.7.2026 година констатира дека истиот ги исполнува условите за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди, пропишани со Правилникот за услови за категоризација на објектите за вршење на угостителска дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 16/06, 87/12 и 41/13).

Врз основа на член 27-б од Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.31/20 и 16/25), Владата на Република Северна Македонија на предлог на Комисијата за категоризација на угостителските објекти за сместување донесува решение за утврдување на категорија на угостителските објекти за сместување.

Согласно член 27-б од Законот за угостителската дејност, Решението за утврдување на категорија на угостителскиот објект за сместување се издава со важност од три години од денот на издавањето.

Институција Влада на Република Северна Македонија
Датум/Време 17.11.2026 16:18
Верификација Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу.
https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=fa90d8f3-fac2-4253-a606-45321fa9d65b&materialId=c8d05ccb-d561-4d7c-838f-debc2244bcb6

Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение може да се поведе управен спор пред надлежниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на Решението.

Претседател на комисија и заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија

Љупчо Димовски

Digitally signed by Ljupcho Dimovski
Date: 2026.11.18 09:41:31 +01:00

Подготвил: Марија Арсова, 16.11.2026
Проверил: Никола Пасков, 17.11.2026
Контролирал: Стојанчо Радичевски, 17.11.2026
Согласен: Зоран Брњарчевски, 17.11.2026

Одобрил: Игор Јанушев,
Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија

Digitally signed by Igor Janushev
Date: 2026.11.18 08:44:48 +01:00

Институција	Влада на Република Северна Македонија
Датум/Време	17.11.2026 16:18
Верификација	Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=fa90d8f3-fac2-4253-a606-45321fa9d65b&materialId=c8d05ccb-d561-4d7c-838f-debc2244bcb6**

Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.